Лексикон на изрази кои се употребуваат во трговијата на прехранбени производи:

АНТИОКСИДАНСИ се супстанци што го продолжуваат рокот на траење на прехранбените производи со заштита од расипување предизвикано со оксидација (European Parliament and Council Directive 95/2/EC).

АРОМАТИЗИРАЊЕ е израз со кој се означува употреба на супстанца со ароматични својства (Council Directive 88/388/EEC).

АРОМАТИЧНИ МАТЕРИИ се супстанци што се додаваат за подобрување на аромата, при производството и ароматизацијата на храната и прехранбените производи (Council Directive88/388/EEC).

БОИ се супстанци што се додаваат за да ја освежат или потполно да ја обојат храната (Council Directive 94/36/EC).

БРЗО-СМРЗНАТИ ПРОИЗВОДИ се прехранбени производи што се подложени на брзо смрзнување и се нуди на потрошувачите во амбалажа што овозможува да се види состојбата на производот (Council Directive 89/108/EEC).

ГЕНЕТСКИ МОДИФИЦИРАН ОРГАНИЗАМ означува организам во кој генетскиот материјал е изменет на начин што не се појавува природно при размножување и/или при природна рекомбинација (Council Directive 90/220/EEC).

ГЕОГРАФСКА ИНДИКАЦИЈА означува име на регион, специфична локација или во исклучителни случаи земја, за опис на производот што потекнува од дадениот регион, а се одликува со специфичен квалитет (Council Regulation 2081/92/EEC).

ГЛАЗИРАЧКИ АГЕНСИ се супстанци кои се употребуваат на надворешната површина на прехранбениот производ (European Parliament and Council Directive 95/2/EC).

GMO-ДЕРИВАТ е супстанца што е произведена од генетски модифицирани организми, но не ги содржи истите (Council Regulation 2092/91).

ГРУПА е израз со кој се означува секоја асоцијација, без оглед на правната форма или состав, на производители и/или преработувачи чиј предмет на работа е ист прехрамбен производ (Council Directive 2082/92/EEC).
ДИЕТАЛНА е израз кој означува храна или прехранбени производи, кои според нивните посебни состојки или поради процесот на производство, се

јасно разграничени од прехрамбените производи за обична консумација (Council Directive 89/398/EEC).

ЕКСТРАКТ ОД ЦИКОРИЈА се произведи во која било концентрација, добиени со екстракција од печена цикорија (Council Directive 77/436/EEC).

ЕКСТРАКЦИОНИ РАСТВОРИ е израз кој означува раствор кој е искористен при екстракција или во екстракциона процедура за време на преработка на суровини, на прехрамбени производи или компоненти и состојки на овие производи и кои е отстранет, но може да предизвика непожелно присуство на резидуи во прехрамбениот производ (Council Directive 88/344/EEC).

ЖЕЛИРАЧКИ АГЕНСИ се супстанци што и даваат на храната текстура преку формирање на желе (European Parliament and Council Directive 95/2/EEC).

ЗГУСНУВАЧИ се супстанци што ја зголемуваат вискозноста на прехрамбените производи (European Parliament and Council Directive 95/2/EEC).

КЕРАМИЧКИ САДОВИ се садови произведени од неоргански материјали со силикатна компонента во која се додаваат мала количина органски материјали (Council Directive 84/500/EEC).

КИСЕЛИНИ означуваат супстанци што ја зголемуваат киселоста на прехрамбените производи (European Parliament and Council Directive 95/2/EC).

КОНЗЕРВАНСИ означуваат супстанци што го продолжуваат рокот на употреба на прехрамбените производи (European Parliament and Council Directive 95/2/EC).

КОНТАМИНЕНТ означува супстанца што не е додадена намерно во прехрамбениот производ (Council Regulation 315/93).

ОЗНАЧУВАЊЕ е било кој збор, пазарен знак, трговско име, опис или симбол што се однесува на прехрамбениот производ (Council Directive 79/112/EEC).

ОЗНАЧУВАЊЕ НА ХРАНЛИВА ВРЕДНОСТ е секоја информација на ознаката, а се однесува на содржината на белковини, јаглени хидрати, масти, целулоза, натриум, витамини, минерални материи и енергетска вредност на производот (Council Directive 90/496/EEC).

ОРГАНСКО РЕЦИКЛИРАЊЕ означува аеробно или анаеробно третирање во контролирани услови и употреба на микроорганизми (European Parliament and Council Directive 94/62/EC).

ОФИЦИЈАЛНА КОНТРОЛА НА ПРЕХРАМБЕНИТЕ ПРОИЗВОДИ е израз со кој се означува инспекција од компетентни лица за исправноста на:

- Прехрамбени производи
- Адитиви, витамини, минерални соли, елементи во трагови
- Материјали или состојки што доаѓаат во контакт со прехрамбениот производ
  (Council Directive 89/397/EEC)

ПАКУВАЊЕ претставува производ што се употребува за пакување, заштита, манипулирање, испорака или презентација на стоките, од производителот до крајниот потрошувач (European Parliament and Council Directive 94/62/EEC).

ПАКУВАЧКИ ГАСОВИ претставуваат гасови внесени во контејнерот пред, за време или по поставувањето на прехрамбениот производ во контејнерот (European Parliament and Council Directive 95/2/EC)

ПЛОД е производ што ги содржи сите есенцијални состојки потребни за производство на сок или нектар (Council Directive 93/77/EEC).

ПОДОБРУВАЧИ НА ВКУС претставуваат супстанци што го подобруваат вкусот и/или мирисот на прехрамбениот производ (European Parliament and Council Directive 95/2/EC).

ПРАТКА е израз кој означува одреден товар на продажни единици прехрамбени производи, произведени или преработени во практично исти услови (Council Directive 89/396/EEC).

ПРЕТХОДНО СПАКУВАНИ ПРЕХРАМБЕНИ ПРОИЗВОДИ е израз кој означува стока што се презентира на крајниот потрошувач и на препродавачот, а се состои од прехрамбен производ и пакување во кое истиот бил сместен пред да е понуден за продажба (Council Directive 79/112/EEC).

ПРЕХРАМБЕНИ АДИТИВИ означуваат супстанци што не се конзумираат како храна сама за себе, а се додаваат намерно во технолошкиот процес на преработка на храната, производството, пакувањето, транспортот или складирањето (Council Directive 89/107/EEC).

ПРОПЕЛАНТИ претставуваат гасови со кои прехрамбениот производ се вади од контејнерот (European Parliament and Council Directive 95/2/EC).

РАСТВОРУВАЧ претставува супстанца што се употребува за растворање на прехрамбени производи или нивна состојка (Council Directive 88/344/EEC).

РЕЗИДУИ ОД ПЕСТИЦИДИ претставуваат остатоци од пестициди и нивни метаболити (Annex II to Directive 76/895/EEC, Directive 86/362/EEC and Directive 86/363/EEC, Council Directive 76/895/EEC, Council Directive 86/362/EEC, Council Directive 86/363/EEC).

РЕЦИКЛИРАЊЕ означува повторно производство на производ од отпаден материјал (European Parliament and Council Directive 94/62/EC).

СЕРТИФИКАТ СО СПЕЦИФИЧЕН КАРАКТЕР е израз кој означува признавање на ЕЗ одреден специфичен карактер на производот, а се регистрира според одредбата 2082/92 (Council Regulation 2082/92/EEC).

СОСТОЈКА означува супстанца употребена за производство на прехрамбен производ (Council Directive 79/112/EEC).

СТАБИЛИЗАТОРИ претставуваат супстанци што овозможуваат задржување на физиолошко-хемиската состојба на прехрамбениот производ (European Parliament and Council Directive 95/2/EC).

СРЕДСТВА ЗА ЗАЦВРСТУВАЊЕ претставуваат супстанци што го прават ткивото на овошјето или зеленчукот цврсто или крцкаво (European Parliament and Council Directive 95/2/EC).

ХУМЕКТАНСИ претставуваат супстанци што го претставуваат прекуметното исушување на прехрамбените производи (European Parliament and Council Directive 95/2/EC).

ХИГИЕНА е израз со кој се означуваат сите мерки потребни за обезбедување исправност на прехрамбените производи. Мерките ги покриваат сите фази по примарното производство (вклучувајки и берба, колење и молзење) за време на приготвувањето, преработката, пакувањето, складирањето, транспортот, манипулирањето, дистрибуцијата и понудата во продавниците и пазарите (Council Directive 93/43/EEC).

ХРАНЛИВА НАЗНАКА е израз кој означува репрезентација или рекламирање на прехрамбен производ (Council Directive 90/496/EEC).